# Службен гласник на Општина Делчево

# Број 14

# 30.07.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

**јули, 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 30.07.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 49. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 49. Седница одржана на 28**.07**.**2025** година:

1. **Заклучок за надминување на проблемот со водоснабдувањето во с. Ѕвегор-Делчево**

2. **Одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект згр 2 по барање на Зоран Стојановски**

3. **Одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект помошен објект згр. бр. 1** –по барање на **Милчо Велиновски**

4. **Одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 2** –по барање на **Милчо Велиновски**

5. **Одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат -Објект помошен објект згр. бр. 3 –по барање на Милчо Велиновски.**

6. **Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

7. **Одлука за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување средства од буџетската сметка на Општина Делчево**

8. **Одлука за давање согласност за потпишување Изјава од Градоначалникот на Општина Делчево за исполнетост на условите и обврските по проектна документација.**

9. **Одлука за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево**

10. **Одлука за согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 г.**

11. **Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“.**

12. **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**

13. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2025/26

14. Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево

15. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево за 2025/26

16. Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во I (прва) година за учебната 2025/2026 г. во СОУ „Методи Митевски-Брицо“ Делчево.

17. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ Делчево за 2024/2025 г.

18. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“ за 2025/2026 г.

19. Одлука за усвојување на Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево со предлог-буџет за 2025 г

20. Одлука за финансиска поддршка по Барање 09-1086/1 од 29.04.2025 од Илчо Мицевски;

21. Одлука за одобрување финансиска помош по Барање бр. 21-1695/1 од 18.07.2025 од Алија Мемедов.

22. Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението на слепи лица- Кочани;

23. Одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 21-1452/1 од 24.06.2025 од Центар за одржливи практики „Природна перспектива“ Делчево.

24. Одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 21-1563/1 од 02.07.2025 г. од Мартин Спасевски

25. Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 08-1422/1 од 19.06.2025 од МПЦ „Раѓање на свети Јован Крстител“ с. Очипала Делчево

26. Одлука за финансиска поддршка по Барање бр.21-1609/1 од 08.07.2025 од Друштво за зачувување на културните вредности на Пијанец- Делчево.

27. Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 09-1648/1 од 11.07.2025 г. од МЗ с. Драмче.

28. Одлука за финансиска поддршка по Барање бр.09-1647/1 од 11.07.2025 г. од Влатко Стоименовски од Делчево.

29. Заклучок по Барање бр. 09-1375/1 од 11.06.2025 г. од ОО ЖЕНА.

30. Заклучок по Барање бр.09-1393/1 од 13.06.2025 од Ванчо Цонев.

31. **Решение за предлагање член на УО Меѓуопштински центар за социјални работи.**

32. **Заклучок по Молба бр.09-1345/1 од 05.06.2025 од Делчевско-каменичка епархија.**

33. **Решение за формирање Комисија за проценка и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода -голомразица на територијата на Општина Делчево**

34. **Одлука за определување на работното време на занаетчиските дејности на подрачјето на Општина Делчево**

35. **Заклучок за прифаќање на Иницијативата за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Делчево.**

36. **Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 09-1725/1 од 23.07.2025 г. од Ракометен клуб „Делчево".**

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08- 1800/1**
**30.07. 2025 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 145 од Деловникот на Советот на Општината, Советот на Општина Делчево на својата 49. Редовна седница, одржана на ден 28.07.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за надминување на проблемот со водоснабдувањето на с. Ѕвегор- Делчево**

1. Се задолжуваат градоначалникот на Општина Делчево и надлежните одделенија во Општина Делчево да испратат допис до Министерството за животна средина и просторно планирање, изведувачот на проектот БАУЕР-БГ ДОО Скопје и надзорот „Хидроенергоинженеринг" ДОО Скопје со кој ќе се известат за алармантната состојба со водоводот во с. Ѕвегор.

2. Да се формира заеднички тим составен од екипи на ЈКП „Брегалница" и претставници од Месната заедница во с. Ѕвегор кои треба да ја разгледаат можноста за редукција на водоснабдувањето од водоводниот систем со цел рационално користење на водата и снабдување со вода на жителите од сите реони на селото.

3. Да се разгледа можноста за донесување одлука на УО на ЈКП „Брегалница", заедно со претставници од Месната заедница во селото за времено и паушално наплаќање на потрошената вода од корисниците.

4. Да се свика состанок на Локален совет за превенција на кој ќе се донесат заклучоци за ублажување на последиците од недостигот на вода во с. Ѕвегор.

5. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -1758/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

2. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 49 Седница, одржана на ден 28.07. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект помошен објект згр. бр. 2** –по барање на **Зоран Стојановски**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-397** од **24.03.2016** година, од страна на **Зоран Стојановски од ул.„4-ти Јули“ бр.45И-9 – Скопје, Ѓорче Петров** за бесправно изграден објект, **објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр**.**6421/1 КО Град** запишана во Имотен лист бр. **480** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1759/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

3. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11, 162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 49 Седница, одржана на ден 28.07.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно**

**изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект помошен објект згр. бр. 1** –по барање на **Милчо Велиновски**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-1782** од **31.08.2011** година од страна на **Милчо Велиновски од с. Стамер – Општина Делчево** за бесправно изграден објект, **објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**.**3281 КО Стамер** запишан во Имотен лист бр. **442** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1760/1**
**28.07. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

4. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11, 162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 49 Седница одржана на ден 28.07. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 2 –по барање на Милчо Велиновски**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-1782** од **31.08.2011** година од страна на **Милчо Велиновски од с. Стамер – Општина Делчево** за бесправно изграден објект, **објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр**.**3281 КО Стамер** запишана во Имотен лист бр. **442** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1761/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

5. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 49 Седница, одржана на ден 28.07.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект помошен објект згр. бр. 3 –по барање на Милчо Велиновски**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-1782** од **31.08.2011** година од страна на **Милчо Велиновски од с. Стамер – Општина Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **3** изграден на **КП бр.3281 КО Стамер** запишан во Имотен лист бр. **442** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-1762/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

6. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 49 Седница одржана на ден 28.07. 2025год. донесе

**Програма**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се врши дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г. донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-240/1 од 29.01.2025 г.

**Член 2**

Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за

2025 г донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-240/1 од 29.01.2025 г.се врши следното дополнување:

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.29 се додава една нова точка – точка 10.30, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1390, КП 1395, КП 1398, КП 1424, КП 1425 и КП 1420 КО Очипала општина Делчево.

Овојлокалитетги опфаќа делови од КП 1390, КП 1395, КП 1398, КП 1424, КП 1425 и КП 1420 КО Очипала Општина Делчево.

**Член 3**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.30 се додава една нова точка – точка 10.31, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1417 и КП 1420 КО Очипала општина Делчево.

Овојлокалитет ги опфака делови од КП 1417 и КП 1420 КО Очипала Општина Делчево.

**Член 4**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.31 се додава една нова точка – точка 10.32, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1395, КП 1398, КП 1399, КП 1400, КП 1403, КП 1405, КП 1410, КП 1417, КП 1420, КП 1423 и КП 1424 КО Очипала општина Делчево.

Овојлокалитет ги опфака делови од КП 1395, КП 1398, КП 1399, КП 1400, КП 1403, КП 1405, КП 1410, КП 1417, КП 1420, КП 1423 и КП 1424 КО Очипала општина Делчево.

**Член 5**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.32 се додава една нова точка – точка 10.33, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фото – напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1390, КП 1391, КП 1392, КП 1393, КП 1394, КП 1395, КП 1400, КП 1401, КП 1402, КП1403 и КП 1405 КО Очипала општина Делчево.

Овојлокалитет ги опфака делови КП 1390, КП 1391, КП 1392, КП 1393, КП 1394, КП 1395, КП 1400, КП 1401, КП 1402, КП1403 и КП 1405 КО Очипала Општина Делчево.

**Член 6**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.33 се додава една нова точка – точка 10.34, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1307 КО Делчево, со цел формирање на градежна парцела со намена (А4.7 – Традиционални куќи за потребите на туризмот (селски, планински,езерски)).

Овојлокалитет опфаќа дел од КП 1307 КО Делчево, Општина Делчево.

**Член 7**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.34 се додава една нова точка – точка 10.35, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистичкиплан со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани за формирање на градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 1 MW на КП 2666 и дел од КП 2667 КО Бигла, Општина Делчево.

Овојлокалитет ги опфаќа КП 2666 и дел од КП 2667 КО Бигла, Општина Делчево.

**Член 8**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 10.35 се додава една нова точка – точка 10.36, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани за формирање на градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 1 MW на дел од КП 5504, дел од КП 5505, КП 5511 и дел од КП 5512 КО Бигла, Општина Делчево со цел формирање наградежна парцела со намена Е 1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани.

Овој локалитет ги опфаќа дел од КП 5504, дел од КП 5505, КП 5511 и дел од КП 5512 КО Бигла, Општина Делчево.

**Член 9**

Одлуката за прифаќање на дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 донесена од страна на Советот на Општина Делчево се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 10**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно со законската регулатива, а на трошок на поднесувачот на Иницијативата согласно со неговата Забелешка- Изјава дедена во Барањето.

**Член 11**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 – 1763/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07. 2025 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов**

7. Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), член 15 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево, а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025), Советот на Општина Делчево на својата 49 Седница одржана на ден 28.07. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување средства од буџетската сметка на Општина Делчево**

Согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Проектот: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по финансискиот договор за проектот „**Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023).

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа Одлука се дава согласност и овластување на градоначалникот на Општина Делчево за измирување средства од буџетската сметка на Општина Делчево, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе

се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија", како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија", („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Делчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува градоначалникот на Општина Делчево да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на Општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средствата од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Делчево до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ" бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1764/1** **Совет на Општина Делчево**
**28.07.2025** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02), член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево, а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем по Проектот „**Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија"** („Службен весник на РСМ" бр. 203/2022), Советот на Општина Делчево на 49 Седница одржана на 28.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за потпишување на Изјава од Градоначалникот на Општина Делчево за исполнетост на условите и обврските по проектна документација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за потпишување на Изјава од Градоначалникот на Општина Делчево за исполнетост на условите и обврските по проектна документација.

Изјава од став 1 за исполнетост на условите и обврските по проектна документација е прилог на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| **Бр. 09- 1765/1** | **Совет на Општина Делчево** |
| **28.07. 2025** | **Претседател** |
| **Делчево** | **Гоце Попов** |

**ИЗЈАВА**
**дека Општина Делчево ги исполнува следните услови:**

Општина Делчево има формирано Јавно претпријатие кое има склучено соодветен договор со Општината за определената намена за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води кое постои.

ЈКП „Брегалница“ ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈКП „Брегалница“ со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идното функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира Општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на Општината.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води во Општина Делчево од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку Општината не ги исполни условите од дадената Изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

| | |
|---|---|
| архивски број и датум | потпис и печат |
| ___________________________ | ___________________________ |

9. Врз основа на член 5 од Законот за даноци на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013, 21/2013 и 142/2014), Советот на Општина Делчево, на својата 49 Редовна седница, одржана на ден 28.07.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево.

**Член 2**

На подрачјето на град Делчево се утврдуваат следните зони

**I.Прва зона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) улица „Индустриска“- спој на улица „Индустриска“ со улица „Булевар Македонија“-спој на „Булевар Македонија“ со улица „Македонска“ – улица „Македонска“- спој на улица „Македонска“ со улица „Вера Јоциќ, спој на улица „Вера Јоциќ“ со улица „Ѓорче Петров“ - улица „Ѓорче Петров“ - спој на улица „Ѓорче Петров“ со новопредвидена пристапна патека согласно со ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно со ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица- спој на река Габровчица со улица „Булевар Македонија“-улица „Булевар Македонија“-спој на улица „Булевар Македонија“со улица „Трст“- улица „Трст“-спој на улица „Трст“ со улица „Кеј на ослободубање“ -река Брегалница- завршеток на старо пазариште-спој на старо пазариште со Војниички ендек-спој со Војнички ендек со улица „Маршал Тито“ - улица. „Маршал Тито“ - спој на улица „Маршал Тито „со ул. „Солунска„-ул „Солунска“- спој на улица „Солунска“ со улица. „Маршал Тито“- улица „Маршал Тито“- спој на улица „Маршал Тито“ со Пустевски ендек - Пустевски ендек- Река Брегалница-улица „Индустриска“.

**Прва зона прва подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу**:**

1) река „Брегалница –спој на река Брегалница-Пустевски ендек-спој на Пустевски ендек со улица.„Маршал Тито“-улица„„Маршал Тито“ -спој на улица „Маршал Тито“ со улица. „Индустриска“- улица. „Индустриска“ -спој на улица. „Идустриска“ со „Булевар Македонија“-спој на „Булевар Македонија“ со улица „Македонска“ – улица „Македонска“- спој на крак од улица „Брака Миладиновци“ со улица „Македонска“ -крак од улица „Браќа Миладиновци“- улица „Браќа Миладиновци“- спој на улица „Браќа Миладиновци“ со новопредвидена улица согласно со ГУП Делчево- новопредвидена улица согласно со ГУП Делчево-спој на новопредвидена улица согласно со ГУП Делчево со Киселички пат-Киселички пат-по граница на ГУП.

2) улица „Ѓорче Петров“-спој на улица „Ѓорче Петров“ со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно со ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-спој на река Габровчица со улица „Булевар Македонија“ – улица „Булевар Македонија“-спој на улица „Булевар Македонија“ со улица „Трст“- улица „Трст“- спој на улица „Трст“ со улица „Кеј на ослободубање“ -река Брегалница- завршеток на старо пазариште-спој на старо пазариште со Војнички ендек-спој на со Војнички ендек со улица. „Маршал Тито“- улица „Маршал Тито“-спој на урбаниот блок лесна индустрија со урбаниот блок семејно домување согласно со ГУП на Делчево-Река „Брегалница“-улица „Орце Николов“ до ПСШ „Голак“-Делчево- улица „Булевар Македонија“ -спој на улица „Булевар Македонија“ со улица „Скопска“- улица „Скопска“-спој на улица „Скопска“ со улица „М.М.Брицо“- улица „М.М.Брицо“-спој на улица „М.М.Брицо“ со улица „Ѓорче Петров“.

**II.Втора зона** го опфаќа локалитетот помеѓу**:**

1) Спој на улица „Маршал Тито“ со улица „Индустриска“ – улица „Маршал Тито“- спој на улица „Маршал Тито“ со улца „Солунска“- улица „Солунска“-спој на улица „Солунска“ со улица „Маршал Тито“ –улица „Маршал Тито“- улица спој на урбаниот блок лесна иднустрија со урбаниот блок семејно домување согласно со ГУП на Делчево-река Брегалница- „Таушански ендек“ -граница на ГУП-Спој на граница на Гуп со крак на улица „Иво Лола Рибар“-спој на улица „Иво Лола Рибар“ со улица „Мирче Ацев“-улица „Мирче Ацев“ -спој на улица „Мирче Ацев“ со улица „Ванчо Прке“ – улица „Ванчо Прке“-спој на улица „Ванчо Прке“ со улица „Брегалничка“ -спој на улица „Брегалничка“ со улица. „Илинденска“-улица. „Илинденска“-спој на улица „Илинденска“со улица „Острец“-улица „Острец“-спој на улица „Острец“ со улица „Маршал Тито“.

2) Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево -спој на новопредвидена улица со улица „Браќа Миладиновци“-крак од улица „Браќа Миладиновци“-спој на крак од ул. „Браќа Миладиновци“ со ул „Македонска“ – ул „Македонска“ - спој на ул „Македонска“ со улица „Вера Јоциќ“-улица „Вера Јоциќ“-спој на улица „Вера Јоциќ“ со улица „Ѓорче Петров“-спој на улица “Ѓорче Петров“ со новопредвидена пристапна патека согласно со ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна

патека согласно со ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-граница на ГУП.
2) Населба „Пролет“
3) улица „Орце Николов“ до ПСШ „Голак“-Делчево-„Булевар Македонија“ -спој на „Булевар Македонија“ со улица „Скопска“- улица „Скопска“-спој на улица „Скопска“ со улица „М.М.Брицо“-граница на ГУП.

**Втора зона прва подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:
1) спој на улица „Браќа Миладиновци“ со улица „Велко Влаховиќ“- улица „Велко Влаховиќ“-спој на улица „Велко Влаховиќ“ со улица „Правомајска“-улица „Правомајска“-спој на улица „Правомајска“ со улица „Ѓорче Петров“-улица „Ѓорче Петров“ до граница на ГУП.
2) граница на ГУП-улица „Видое Смилевски- Бато„ -спој на улица „Видое Смилевски- Бато“ со улица „Христијан Тодоровски Карпош“- улца „Христијан Тодоровски Карпош“ - спој на улица „Христијан Тодоровски Карпош“ со крак од улица „Борис Кидрич“-спој на крак од улица „Борис Кидрич“ со ендек Грозданец- ендек Грозданец- спој на ендек Грозданец со улица „Маршал Тито“- улица „Маршал Тито“-спој на улица „Маршал Тито“ со пат за Голак-пат за Голак-граница на ГУП

**III.Трета зона** ги опфаќа локалитетите**:**
-Населба „Басарица“
-Туристички локалитет „Голак“

**Трета зона прва подзона** го опфаќа локалитетот:
-Населба „Звегорска Река“

**Трета зона втора подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:
1) Населба „Стрелиште“
2) Линија 1) Спој на граница на ГУП со крак на улица „Иво Лола Рибар“-спој на улица „Иво Лола Рибар“ со улица „Мирче Ацев“-улица „Миче Ацев“ -спој на улица „Мирче Ацев“ со улица „Ванчо Прке“ – улица „Ванчо Прке“- спој на улица „Ванчо Прке“ со улица „Брегалничка“ -спој на улица „Брегалничка“ со улица „Илинденска“-улица „Илинденска“-спој на улица „Илинденска“ со улица „Острец“-улица „Острец“-спој на улица „Острец“ со улица „Маршал Тито“.
Линија 2) Спој на граница на ГУП со улица „Видое Смилевски- Бато“ -спој на ул „Видое Смилевски-Бато“ со улица „Христијан Тодоровски Карпош“- улица „Христијан Тодоровски Карпош“ спој на улица „Христијан Тодоровски Карпош“ со крак од улица „Борис Кидрич“-спој на крак од улица „Борис Кидрич“ со ендек Грозданец- ендек Грозданец-спој на ендек Грозданец со улица „Маршал Тито“.

**Член 3**

Согласно со член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/2012, 17/2013, 21/2013, 142/14), а според податоците од предходната година: За **прва зона** во елементите за проценка се утврдува четиринаесетта зона; За **прва зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува четиринаесетта зона прва подзона; За **втора зона** во елементите за проценка се утврдува петнаесетта зона; за **втора зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува петнаесетта зона прва подзона; за **трета зона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона; за **трета зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона прва подзона и за **трета зона втора подзона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона втора подзона.

**Член 4**

Согласно со член 22 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013, 21/2013, 142/14) за макролокација во елементите за проценка се утврдени за с. **Очипала 15** бодови (евра) за **с. Полето 13** бодови (евра) за **с. Чифлик 10** бодови (евра) за **с. Тработивиште 8** бодови (евра) за с. **Разловци 7** бодови (евра) и с. **Илиово 3** бодови (евра). а согласно со член 21 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/2012, 17/2013, 21/2013, 142/14) и согласно со

Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија во периодот од 2014 до 2018 година бр. 42-1515/1 од 10.02.2014 година донесена од Владата на РМ, за останатите населени места не се пресметува макролокација.

**Член 5**

Согласно со член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр. 54/2012, 17/2013, 21/2013, 142/14), а според просечната цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во **прва зона се утврдува 20 евра/м2, за прва зона прва подзона, втора зона и втора зона прва подзона, се утврдува 15 евра/м2**, **а за трета зона, трета зона прва подзона и трета зона втора подзона, се утврдува 10 евра/м2** според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

За пазарна вредност на градежно земјиште во туристички локалитет **Голак се утврдува 15 евра** по метар квадратен според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

**Член 6**

Согласно со член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр. 54/2012, 17/2013, 21/2013, 142/14), а според просечната цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во населените места во Општина Делчево, се утврдува за **с. Габрово и с. Звегор 300** денари за м2, за **с.Работивише 180** денари за м2, за **с. Вирче, с. Град и с. Стамер 150** денари за м2, за **с. Разловци и с. Очипала 100** денари за м2 и за **сите останати по 45** денари за м2. Овие цени се применуваат за **дворно место и место кое може да биде идно дворно место или место за градба во село најмногу до 500 м2, а останатото земјиште во село се проценува како земјоделско земјиште.**

**Член 7**

Доколку градежното земјиште се наоѓа во подрачје каде нема донесено Детален урбанистички план, а се наоѓа во Генерален урнабнистички план на град Делчево, вредноста се намалува од 40% до 70% во зависност од близината на деталниот урбанистички план, близината на населеното место, поврзаност со инфраструктура и големината на површината.

**Член 8**

Согласно со член 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013), а според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година за пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта во Општина Делчево се утврдува:

| Р.Б | Вид земјиште | Класа на земјиштето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1. | Нива | 50,00 | 45,00 | 43,00 | 38,00 | 35,00 | 30,00 | 25,00 | 20,00 |
| 2. | Ливада | 45,00 | 38,00 | 32,00 | 28,00 | 24,00 | 21,00 | 19,00 | 17,00 |
| 3. | Овошна градина | 55,00 | 50,00 | 45,00 | 40,00 | 35,00 | 30,00 | 28,00 | 25,00 |
| 4. | Пасиште | 25,00 | 22,00 | 20,00 | 18,00 | 16,00 | 15,00 | 14,00 | 13,00 |
| 5. | Шума | 45,00 | 40,00 | 35,00 | 30,00 | 28,00 | 25,00 | 22,00 | 19,00 |

**Член 9**

Отстапување на одредени цени на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата може да се врши од страна на проценувачите во следниве случаи:

а) Зголемување, но не повеќе од 50% во зависност од
- близина на населено место
- поврзаност со инфраструктура

б) Намалување, но не повеќе од 50% во зависност од:
- оддалеченост од населено место
- непристапност на пат
- големина на површина
- за шумите и овошните насади од нивната состојба.

**Член 10**

Составен дел на оваа Одлука е мапа на градот Делчево со определени зони.

**Член 11**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со број 09-212/1 од 30.01.2024 година.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1766/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2025 год.** — **Претседател**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов**

10. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/24 и 202/24), Советот на Општина Делчево на својата 49 Седница, одржана на ден 28.07. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево, дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 година, архивски број 19-1666/1 од 15.07.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1767/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2025** — **Претседател**
**Делчево** — **Гоце Попов**

11. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20, а согласно со член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ), Советот на Општина Делчево, на 49. Седница, одржана на ден 28.07. 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на**
**Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година бр. 08-35/2 од 21.07.2025година.
2. Овој Заклучок стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1768/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**
“.

12. Врз основа на член 53 став и 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19,76/20, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на 49 Седница, одржана на ден 28.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласносот за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево**

**Член 1**
